ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

(Службен Весник на Република Македонија, број 65/2004 од 29 Септември 2004г.)

**Член 1**

Во Законот за заштита на децата (“Сл.весник на РМ” бр.98/00 и 17/03) во членот 4 во ставот 3 зборовите “единица на локалната самоуправа” се заменуваат со зборовите “општината, Градот Скопје и општината во Градот Скопје, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.”

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

“Начинот и критериумите за остварување на правата за заштита на децата од став 3 на овој член со акт ги утврдува советот на општината, советот на Градот Скопје и советот на општината во Градот Скопје.”

**Член 2**

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

“Установи за згрижување и воспитание на деца се: јавни (општинска детска градинка и детска градинка на општината во Градот Скопје ) и приватна детска градинка.”

Ставот 4 се брише.

Ставот 5 кој станува став 4 се менува и гласи:

“Установи за одмор и рекреација на деца се: јавни (општинско детско одморалиште, детско одморалиште на Градот Скопје и државно детско одморалиште) и приватно детско одморалиште.”

Ставот 6 се брише.

**Член 3**

Во членот 12 ставот 3 се менува и гласи:

“Согласност на статутот на јавна установа за деца основана од општината и општината во Градот Скопје, дава советот на општината и на општината во Градот Скопје.

Согласност на статутот на јавна установа за деца основана од општината и Градот Скопје дава советот на општината и на Градот Скопје.

Согласност на статутот за јавна установа за деца основана од Владата на Република Македонија ( во натамошниот текст: Владата) дава органот на

државната управа надлежен за работите од обласа на заштитата на децата (во натамошниот текст: Министерство).”

**Член 4**

Во членот 14 во став 2 зборовите” на Република Македонија (во натамошниот текст:Влада) “ се бришат.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Владата ја утврдува мрежата на јавните детски градинки по предлог на Министерството по претходно мислење на советот на општината и на општината во Градот Скопје.

Владата ја утврдува мрежата на јавните детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје по предлог на Министерството по претходно мислење на советот на општината и на Градот Скопје.

Владата ја утврдува мрежата на јавните детски одморалишта основани од Владата на предлог на Министерството.”

**Член 5**

Членот 28 се менува и гласи:

“Помошта за опрема на новороденче е еднократна помош на семејството и се обезбедува за прво новородено дете како паричен надоместок.”

**Член 6**

Во членот 29 ставот 2 се брише.

Ставот 3 кој станува став 2 се менува и гласи:

“Висината на помошта од ставот 1 на овој член изнесува 25% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година.”

**Член 7**

Во членот 30 во ставот 1 зборовите “и одморалиште од сезонски тип” се бришат.

**Член 8**

Во членот 32 во став 1 зборовите “организационата единица на Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите “центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“По жалба против решението на центарот за социјална работа од став 1 на овој член решава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за заштитата на децата (во натамошниот текст: министер).”

**Член 9**

По членот 32 се додава нов член 32-а кој гласи:

“Член 32-а

Барање за продолжување на правото за заштита на деца од член 4 став 1 точка 1 и 2 на овој закон за наредната година се поднесува до 31 март во таа година.

Барањето за продолжување на правото поднесено после рокот утврден во став 1 од овој член ќе се смета како ново барање.”

**Член 10**

Во членот 33 зборовите “Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите “центарот за социјална работа”.

**Член 11**

Членот 38 се менува и гласи:

“Корисникот на правото од член 4 став 1 точка 1 и 2 на овој закон е должен надлежниот центар за социјална работа да го извести за секоја промена на фактите и околностите кои биле основа за признавање на правото за заштита на децата најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени .”

**Член 12**

Во членот 41 зборовите “е организиран во детска градинка која остварува” се заменуваат со зборовите “се организира за” а во деветтиот ред бројот “7” се заменува со бројот “6.”

**Член 13**

Во членот 44 ставот 2 се менува и гласи:

“Јавната детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.”

## Член 14

Во член 45 став 2 по зборот “градинка” се додаваат зборовите “од ставот 1 на овој член”.

Во ставот 3 зборовите “Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите “ советот на општината и советот на општината во Градот Скопје .”

Во ставот 7 по зборот “детето” се става запирка и се додаваат зборовите: “односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој”.

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

“Органот на управување на јавната детска градинка води грижа по однос на приемот на децата со пречки во развојот, односно за социјално-економските услови во семејството.”

Ставот 8 станува став 9.

## Член 15

Во членот 47 ставот 2 се менува и гласи:

“За децата на припадниците на другите заедници воспитно образовните активности во јавните детски градинки се изведуваат на јазикот на соодветната заедница, за група деца, согласно со одредбите на овој закон.”

## Член 16

Членот 48 се менува и гласи:

“Јавната детска градинка организира згрижување и воспитание и на деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој, сообразно на видот и степенот на попреченоста.

Како деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој се сметаат : слепи и слабовидни деца, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност како и деца со потешкотии во однесувањето и личноста.

Згрижувањето и воспитанието на децата со лесна попреченост во интелектуалниот и физичкиот развој од став 2 на овој член кои имаат потреба од прилагодено изведување на програмите за предучилишни деца со дополнителна стручна помош или со прилагодени програми, се организира во редовните групи.

Згрижувањето и воспитанието на децата со умерена попреченост во интелектуалниот и физичкиот развој од став 2 на овој член, се организира во посебни групи според посебни програми.”

## Член 17

Во членот 49 ставот 4 се менува и гласи:

“Поблиските услови и начинот на повремено чување на деца во домашни услови од став 3 на овој член и на услугите од став 1 на овој член ги пропишува министерот.”

## Член 18

Во членот 52 во ставот 1 се става запирка и зборовите “а по предлог на Педгошката служба” се заменуваат со зборовите “научна или специјализирана стручна установа,а.”

По ставот 4 се додавааат два нови става 5 и 6 кои гласат:

“Плановите и програмите од став 2 и 3 на овој член се менуваат и осовременуваат согласно со резултатите од следењето и вреднувањето на реализацијата на плановите и програмите и на примената на проектите кои се остваруваат во дејноста.

Иницијатива за менување и осовременување на плановие и програмите од став 2 и 3 на овој член , можат да даваат и детските градинки, установите и други правни и физички лица.”

## Член 19

Во членот 53 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Мислењето од став 1 на овој член го дава министерот на предлог на комисија составена од два претставника од научна установа односно институција, еден претставник од Бирото за развој на образованието, еден претставник од специјализирана стручна установа и еден претставник од Министерството.

Во ставот 2 кој станува став 3 по зборот “закон” се додаваат зборовите: “како и времетраењето, целите и содржините на активностите.”

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

“Во приватната детска градинка згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст може да се оствари согласно програмите од член 52 на овој закон, за што одлучува органот на приватната детска градинка во согласност со актот за основање.

Кога во приватна детска градинка воспитно образовната програма се одвива според посебните педагошки и други принципи и начела Стеинер, Децролѕ, Монтессори и др. министерот дава позитивно мислење откако комисијата од став 2 на овој член ќе утврди дека програмата е признаена од соодветно меѓународно здружение. “

**Член 20**

Во членот 54 по ставот 2 се додаваат осум нови става кои гласат:

“Програмите за целодневен престој трајат од 8 до 11 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне, целодневно или наизменично;

Програмите за полудневен престој трајат од 4 до 6 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне или наизменично.

Скратените програми трајат од 240 до 600 часа годишно.

Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата.

Скратените програми се наменети за деца од зафрлени или демографско загрозени места, на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата.

Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување.

Вонинституционални активности - тоа се кратки програми во траење од три часа дневно кои што можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште - се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на комисијата од член 53 став 2 на овој закон.

Пилот програми - се програми со посебни педагошки принципи кои се изведуваат во јавни детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на комисијата од член 53 став 2 на овој закон.

**Член 21**

Во членот 55 во ставот 1 во вториот ред по зборот “децата” се додават зборовите “по правило во хомогени групи”.

Во точката 7 бројот “7”се заменува со бројот “6”.

Во ставот 2 точката “1” се заменува со две нови точки “1” и “2” кои гласат:

“1) Хетерогена група

до 2 години................................................................ од 10 до 12 деца

од 2 години до поаѓање во основно училиште..... од 18 до 20 деца

2) Комбинирана група

од 12 месеци до поаѓање во основно училиште... од 15 до 20 деца”.

По точката 2 која станува точка 3 се додава нова точка “4” која гласи:

“4) Група деца од 6 години односно од поаѓање во

основно училиште до 10 години............................. од 20 до 30 деца”.

По ставот 3 се се додава нов став 4, кој глси:

“Во групите од ставовите 1 и 2 став точка 1 и 2 на овој член, може да се вклучи едно до две деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој во кој случај бројот на децата во групите се намалува до три деца.”

Ставот 4 станува став 5.

**Член 22**

Во член 56 во ставот 1 зборовите: “и забавишната група во основното училиште” се бришат.

Во ставот 2 во треттиот ред запирката и зборовите: “ “о забавишната група во основно училиште, министерот за образование и наука “ се бришат.

**Член 23**

Во членот 57 зборовите “и забавишна група во основно училиште” се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

“Поблиски прописи за начинот на работа и обезбедување услови за остварување на педагошко методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети од ставот 1 на овој член донесува министерот .”

**Член 24**

Во членот 58 во ставот 2 по зборот “политика” се додаваат зборовите “како и основачот”.

**Член 25**

Главата “В. ЗАБАВИШНИ ГРУПИ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ” со členовите 60 и 61 се бришат.

**Член 26**

По членот 59 се додава нова глава В и се додаваат четири нови члена 59-а, 59-б, 59-в и 59-г кои гласат:

“В. ВРШЕЊЕ ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ДРУГИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 59-а

Правни и физички лица можат да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца под услови и на начин утврдени со овој закон за вршење на тие работи.

Член 59-б

Физичко лице може самостојно да врши работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност за организирање и остварување на згрижување или престој, нега и исхрана до три деца од предучилишна возраст и не помалку од два часа дневно.

Член 59-в

Физичко лице може самостојно да врши работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност и за организирање и остварување на згрижување или престој, нега и исхрана и за деца со пречки во физичкиот или интелектуалниот развој до три деца на возраст до 10 години и не помалку од два часа дневно.

Член 59-г

Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца и тоа чување и нега на деца од предучилишна возраст на повик може да врши правно лице запишано во судски регистар како агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. “

**Член 27**

Во членот 62 по ставот 1 се додаваат пет нови става 2,3,4,5 и 6 кои гласат:

“Ако во јавното детско одморалиште има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца.

Составот и начинот на работа на комисијата од став 2 на овој член, како и критериумите за приемот на деца во одморалиштето ги утврдува управниот одбор на одморалиштето во согласност со советот на општината и советот на Град Скопје, за одморалиште основано од општината и Градот Скопје, а Министерството за јавно детско одморалиште основано од Владата.

Комисијата ја именува директорот.

Комисијата од став 2 на овој член е надлежна да решава и за остварување на правото за партиципација.

Органот на управување на јавното детско одморалиште води грижа по однос на приемот на децата за социјално економските услови во семејството.

Ставот 2 станува став 7.

**Член 28**

Во членот 65 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

“Плановите и програмите се менуваат и осовременуваат согласно со резултатите од следењето и вреднувањето на реализацијата на плановите и програмите и на примената на проектите кои се остваруваат во дејноста.

Иницијатива за менување и осовременување на плановите и програмите од ставот 1 на овој член, можат да даваат и детските одморалишта, установите и други правни и физички лица. “

По ставот 3 кој станува став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

“Мислењето од став 5 на овој член го дава министерот на предлог на комисијата од член 53 став 2 на овој закон.

Во ставот 4 кој станува став 7 бројот “2” се заменува со бројот “5”, а по зборот “закон” се додаваат зборовите “како и времетраењето, целите и содржините на активностите.

По ставот 7 се додава нов став 8 кој гласи:

“Во приватно детско одморалиште одморот и рекреацијата на деца може да се оствари согласно плановите и програмите од став 1 на овој член,за што

одлучува органот на приватното детско одморалиште во согласност со актот за основање.”

**Член 29**

Во членот 66 по ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

“Детското одморалиште во времето кога не ги остварува програмите од став 1 на овој член може да работи како одморалиште од отворен тип и да дава и други услуги од областа на угостителско-туристичката дејност, маркетингот како и други услуги, освен организирање и давање на услуги на игри на среќа, коцкарници, казина, барови и сл.”

**Член 30**

Членот 69 се менува и гласи:

“Општинска детска градинка и детска градинка на општината во Градот Скопје основа општината и општината во Градот Скопје .

Советот на општината и советот на општината во Градот Скопје донесува одлука за основање на јавна детска градинка од став 1 на овој член, по претходно прибавено мислење од Министерството.

Општинско детско одморалиште и детско одморалиште на Град Скопје основа општината и Градот Скопје.

Советот на општината и советот на Град Скопје донесува одлука за основање на јавно детско одморалиште од став 3 на овој член, по претходно прибавено мислење од Министерството.

Државно детско одморалиште основа Владата на предлог на Министерството.

Средствата за основање и работа на установата од став 1,3 и 5 на овој член ги обезбедува основачот. “

**Член 31**

Членот 70 се брише.

**Член 32**

Во членот 71 уводната реченица на ставот 1 се менува и гласи:

“Установа за деца може да се основа и да почне со работа ако:”

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

“Во стандардите и нормативите за вршење на дејноста се утврдуваат и нормативите за исхрана, стандардите за санитарно-хигиенски услови како и стандарди за потребното работно време за остварување на дејноста (згрижувачката, воспитната, образовната и друга дејност за детските градинки ) и критериуми за развиеност на установите.

Министерот поблиску ги пропишува стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детската градинка, односно на детското одморалиште. “

**Член 33**

Во членот 72 во третиот ред по зборот “за” се додаваат зборовите “отпочнување со”.

**Член 34**

Членот 73 се менува и гласи:

“Установата за деца може да отпочне со работа откако министерот ќе утврди дека се исполнети условите утврдени со овој закон и другите прописи и ќе донесе решение за вршење на дејноста.

Решението од став 1 на овој член се донесува врз основа на мислење на комисија, составена од три члена, именувани од министерот.

Комисијата од став 2 на овој член врши непосреден увид со цел да утврди дали се исполнети условите од став 1 на овој член, врз основа на што изготвува мислење.

По донесување на решението од став 1 на овој член, установата за деца се запишува во судскиот регистар.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Установата за деца се запишува во централен регистар на установи што го води Министерството.

Општината и општината во Градот Скопје, за своето подрачје водат регистар за јавните установи за деца основани од општината и општината во Градот Скопје и податоците од извршениот упис во регистарот ги доставуваат до Министерството.

Општината и Градот Скопје, за своето подрачје водат регистар за јавните установи за деца основани од општината и Градот Скопје и податоците од извршениот упис во регистарот ги доставуваат до Министерството.

Формата, содржината и начинот на водење на регистрите од став 6, 7 и 8 на овој член ги пропишува министерот. “

**Член 35**

Во членот 74 во ставот 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

-"се припои или спои со друга установа или подели на две или повеќе установи;"

Алинејата 4 која станува алинеја 5 се менува и гласи:

"основачот донесе акт за престанување на установата за деца ако престанала потребата, односно условите за вршење на дејноста за која установата за деца била основана".

Алинејата 5 станува алинеја 6.

**Член 36**

Во членот 75 во ставот 1 по зборот "деца" се додаваат зборовите "основана од Владата"

"Во ставот 2 по зборот "установа" се додаваат зборовите"од став 1 на овој член".

"Во ставот 3 по зборот"работа" се додаваат зборовите" на установата од став 1 на овој член".

По ставот 4 се додаваат шест нови става 5,6,7,8,9 и 10 кои гласат:

"Постапката за престанување на работата на јавна детска градинка ја покренува и води основачот.

Одлука за престанок на работа на установата од став 5 на овој член донесува советот на општината и советот на општината во Градот Скопје по претходно прибавено мислење од Министерството.

Постапката за престанување на работата на јавно детско одморалиште основано од општината и Градот Скопје ја покренува и води основачот.

Одлука за престанок на работата на установата од став 7 на овој член донесува советот на општината и советот на Град Скопје по претходно прибавено мислење од Министерството.

Одлуката од став 6 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и службениот гласник на општината и општината во Градот Скопје, а одлуката од став 8 на овој член се објавува во "Службен весник на република Македонија" и службениот гласник на општината и на Градот Скопје.

Основачот, а за установата од став 1 на овој член Министерството, по донесување на одлуката за престанување со работа на установата, во рок од три дена го известува надлежниот регистарски суд за бришење од судскиот регистар."

**Член 37**

Во членот 77 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

“Кон барањето за добивање одобрение за основање на установа се поднесува елаборат за потребите од ваков вид установа и документација за потребните услови предвидени во член 71 став 1 алинеи 2, 3, 4 и 5.

Барањето со пропишаната документација од став 3 на овој член се доставува до Министерството.”

**Член 38**

Во членот 81 во ставот 2 броевите “2 и 4” се заменуваат со броевите “4 и 6”.

**Член 39**

По членот 81 се додава нов член 81-а кој гласи:

“Член 81-а

Приватната установа е должна најмалку шест месеци пред донесување на акт за престанување со работа на установата да го извести Министерството и корисниците на услугите”.

**Член 40**

Членот 82 се брише.

**Член 41**

Во членот 83 во ставот 1 зборовите “и сезонско одморалиште” се бришат.

Во членот 83 во ставот 2 по зборот “ политика” се става запирка и се додаваат зборовите “за јавно детско одморалиште основано од Владата, градоначалникот на општината и градоначалникот на Градот Скопје за јавно детско одморалиште основано од општината и Градот Скопје, а градоначалникот на општината и градоначалникот на општината во Градот Скопје за јавна детска градинка. “

**Член 42**

По членот 83 се додаваат деветнаесет нови члена 83-а, 83-б, 83-в, 83-г, 83-д, 83-ѓ, 83-е, 83-ж , 83-з, 83-ѕ , 83-и, 83-ј, 83-к, 83-л, 83-м, 83-н, 83-њ, 83-о, и 83-п кои гласат:

Член 83-а

Физичко лице може самостојно да врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност доколку ги исполнува следните услови:

- да има соодветно стручно образование;

- да не му е одземена или ограничена деловната способност;

- да не му е одземено вршењето на родителското право;

- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија и дејност или должност;

- да има здравствена способност за вршење на дејноста;

- да располага со соодветен простор и опрема за работа;

Член 83-б

Барањето за вршење на работи од член 59-б на овој закон се поднесува до Министерството.

Министерот, откако ќе констатира дека се исполнети условите за работа на подносителот на барањето со решение му издава дозвола за вршење на работите од член 59-б на овој закон врз основа на мислење на Комисија составена од три члена, именувани од министерот .

Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Член 83-в

Министерството води евиденција на физичките лица , на кои им е издадено дозвола за самостојно вршење на професионална дејност од член 59-б на овој закон.

Содржината и начинот на водење на евиденцијата од став 1 на овој член ги пропишува министерот .

Член 83-г

Физичкото лице кое самостојно врши работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност во своето име под кое работи ги наведува податоците за личното име, адреса и дејност.

Член 83-д

Работите од член 59-б од овој закон може да ги врши физичко лице кое има најмалку соодветно средно образование, а може да вработи уште едно лице.

Видот и степенот на образованието за лицата од став 1 на овој член ке се утврдуваат со актот од член 83-п од овој закон.

Член 83-ѓ

Физичкото лице кое самостојно врши работа од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност должно е:

- да ги дава услугите согласно овој закон;

- во вршењето на работата да ја почитува личноста на корисникот, неговото достоинство и неповредливоста на личниот и семејниот живот, како и да ги чува како службена тајна податоците и информациите од личен и семеен карактер, како и да ја чува службената и професионалната тајна;

- да води евиденција на корисниците и дадените услуги;

- да дава податоци за својата работа на барање на Министерството, и

- да доставува годишен извештај за својата работа до Министерството.

Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од став 1 алинеја 3 на овој член ја пропишува министерот.

Член 83-е

Дозволата на физичкото лице за самостојно вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност престанува да важи:

- по барање на физичкото лице;

- ако престане да ги исполнува условите утврдени со закон; и

-со решение на министерот .

Член 83-ж

Министерот на барање на физичкото лице донесува решение за престанок на дозволата за самостојно вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Конечното решение од став 1 на овој член се доставува до надлежниот суд заради бришење од соодветниот регестар.

Член 83-з

Дозволата на физичкото лице за самостојно вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност престанува по сила на закон ако:

- лицето почине;

- со правосилно решение на надлежен суд му е одземена или ограничена деловната способност;

- со правосилно решение на надлежен суд му е одземено вршењето на родителското право;

- со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело на казна затвор над 6 месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, како и за кривично дело сторено во вршење или во врска со вршење на дејноста;

- ја загуби општата здравствена состојба или посебната здравствена состојба за вршење на дејноста.

Министерот донесува решение за престанокот на дозволата на физичкото лице за самостојно вршење на работи од дејноста за згрижување и воспитание на деца како професионална дејност во случаите наведени во став 1 на овој член.

Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Конечното решение од став 2 на овој член се доставува до надлежниот суд заради бришење од соодветниот регистар.

Член 83-с

Министерот донесува решение за престанок на дозволата за самостојно вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност ако **:**

- физичкото лице во определениот рок не ги отстрани констатираните недостатоци во вршењето на работата, утврдени со надзорот над законитоста на работата и надзорот над стручната работа;

- физичкото лице на кое му е издадена дозволата за вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата истите не ги извршува лично или ако користи работи на други лица спротивно на дозволата;

- физичкото лице на кое му е издадена дозволата престане со работата без одобрение на министерот.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Конечното решение од став 1 на овој член се доставува до надлежниот суд заради бришење од соодветниот регистар.

Член 83-и

Физичкото лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност може привремено да престане да ги врши работите поради болест, одслужување на воениот рок или други оправдани причини.

За привремениот престанок на вршењето на работите, лицето мора претходно навремено да го извести Министерството.

Член 83-ј

Правното лице од член 59-г од овој закон може да врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца доколку ги исполнува следните услови:

- да располага со соодветен простор и опрема за работа;

- да располага со соодветен стручен кадар;

- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија и дејност или должност;

Член 83-к

Барањето за вршење на работите од член 59-г на овој закон се поднесува до Министерството.

Кон барањето за добивање дозвола за вршење на работите од став 59-г на овој закон се поднесува елаборат со програма за начинот на вршење на работите од член 59-г на овој закон.

Министерот, откако ќе констатира дека се исполнети условите за работа на подносителот на барањето со решение му издава дозвола за вршење на работите од член 59-г на овој закон, врз основа на мислење на комисијата од став 2 на член 83-б од овој закон.

Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање во втор степен.

Член 83-л

Министерството води евиденција на правните лица од член 59-г на овој **з** акон.

Содржината и начинот на водење на евиденцијата од став 1 на овој член ги пропишува министерот.

Агенцијата за давање услуги на повик води евиденција на корисниците на услугите како и на дадените услуги.

Формата, содржината и начинот на водење на евиденција од став 3 на овој член ги пропишува министерот.

Член 83-м

Лицето вработено кај агенција за давање услуги на повик потребно е:

- да има најмалку соодветно средно образование;

• да не му е одземено вршењето на родителско право;

• да има општа и посебна здравствена способност; и

• да не му е одземена или ограничена деловната способност.

Видот и степенот на образованието се утвдуваат со прописите од член 83-п на овој закон.

Член 83-н

Дозволата за вршење на работите од член 59-г на овој закон престанува:

- по барање на правното лице;

- ако престане да ги исполнува условите утврдени со закон;

- со решение на министерот.

Член 83-њ

Давањето услуги од член 59-г на овој закон се врши на повик на барателот (родител или старател на дете) и може да се врши во домот на барателот или како придружба.

Времето, местото и начинот на давањето на услугите се определува при ангажирањето на лицето од страна на барателот.

Лицата кога се ангажирани на повик задолжително носат службена легитимација.

Формата и содржината на легитимацијата од став 4 на овој член ја пропишува министерот, а ја издава одговорното лице на агенцијата.

Член 83-о

Агенцијата одговара за настанатата штета која е причинета од вработен кој дава услуга на повик, во согласност со закон.

Член 83-п

Поблиските услови и начинот на вршење на работите од член 59-а на овој закон **г** и пропишува министерот .

**Член 43**

Во членот 84 по ставот 5 се додаваат шеснаесет нови става кои гласат:

“Згрижување и воспитание на деца на возраст до две години остварува неговател.

Згрижување и воспитание на деца на возраст од две години до поаѓање во основно училиште остваруваат воспитувач и неговател.

Престој на дете на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до 10 години возраст, остварува воспитувач.

Неговател во детска градинка за деца на возраст до две години е лице со завршено средно образование - педагошко медицинска сестра и лице со завршено средно медицинско училиште - општа насока.

Неговател во детска градинка за деца на возраст од две години до поаѓање во основно училиште е лице со завршено средно образование - педагошко медицинска сестра и лице со средно медицинско училиште - општа насока, средно образование – насока општа гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште- со завршен курс за работа со деца од предучилишна возраст како професионален курс за стекнување на елементарни педагошки и здравствени сознанија во однос на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и развојни карактеристики на децата.

Лицата од став 9 и 10 на овој член, освен лицата со завршено средно образование - педагошко медицински сестри, треба да имаат завршен професионален курс.

Професионален курс се стекнува на соодветна високо образовна група со соодветна студиска програма.

Воспитувач во детска градинка е лице со завршено соодветно више или високо образование за воспитувачи.

Воспитувач во детска градинка може да биде и лице со завршени соодветни студии за предучилишно воспитание - отсек педагогија.

Воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до 10 години возраст е лице кое ги исполнува условите за воспитувач, а може да биде и лице со завршени студии за одделенска настава и завршени специјалистички студии.

Воспитувач во група со деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој е лице со завршени соодветни студии за работа со деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој.

Воспитувач во група со деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој може да биде и лице кое ги исполнува условите за воспитувач и завршени специјалистички студии по дефектологија.

Стручни работници се лица со соодветно високо образование од профилите утврдени во став 1 алинеја 1 на овој член.

Стручни соработници се лица со соодветно више или високо образование од профилите утврдени во став 2 од овој член.

Одредени работи во згрижувањето и воспитанието на децата во јавна детска градинка, по овластување на директорот на јавната детска градинка, без

надомест можат да ги вршат волонтери кои се квалификувани за тој вид на работа или поминале низ обука за вршење на таа работа.

Работите кои можат да се вршат со волонтерска работа, начинот на нивното вршење, покривање на реалните трошоци, како и потребните квалификации или обука ги утврдува со акт јавната детска градинка.”

**Член 44**

Во членот 90 ставот 2 се менува и гласи:

“Лицата од став 1 на овој член кои се вклучени во групите во кои воспитно-образовните активности се изведуваат на јазикот на припадниците на заедниците треба да го познаваат јазикот и писмото на кој се изведува дејноста.”

**Член 45**

По член 91 се додава нов член 91-а кој гласи:

“Член 91-а

Лице со средно, више и високо образование кое за прв пат се вработува во јавна установа за деца на работно место за кое се бара истиот степен на образование е приправник.

Приправничкиот стаж трае шест месеци за работници со средно образование, а девет месеци за работниците со више и високо образование.

За време на приправничкиот стаж работниците се оспособуваат за самостојна стручна работа преку совладување на соодветна програма за стручен испит што ја донесува министерот на предлог на научна институција, специјализирана стручна институција или Бирото за развој на образованието.

Приправникот се оспособува со помош на ментор што го определува стручниот совет.

Поблиски прописи за начинот и постапката при полагање стручен испит донесува министерот.”

**Член 46**

Членот 92 се менува и гласи:

“Работниците во установа за деца и кај физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност, како и физичкото лице кое врши професионална дејност и лицата вработени кај агенциите за давање услуги за чување и нега на децата кои се во непосреден контакт со децата или храната, мораат да бидат прегледени преку систематски прегледи еднаш годишно.

На вработен што е во непосреден контакт со децата и храната, а боледува од заразна болест, душевна болест, алкохолизам и наркоманија му престанува работниот однос во установата, кај физичкото лице кое врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност и кај агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст на повик.

Утврдувањето на психофизичките способности на вработените од став 2 на овој член односно заболеноста од одредени заразни болести, душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со Законот за здравствена заштита.”

**Член 47**

По член 93 се додаваат два нови члена 93-а и 93-б кои гласат:

Член 93-а

За самостојно извршување и осовременување на воспитната, образовната, здравствената и социјалната работа во јавните детски градинки, воспитувачите, стручните работници и стручните соработници се оценуваат секоја четврта година.

Резултатот од оценувањето овозможува стекнување на звање.

Работникот кој е незадоволен од оцената од ставот 2 на овој член има право на жалба до Министерството.

Поблиски прописи за условите, начинот на оценувањето, оцената за работа, видот и стекнувањето на звањата, донесува министерот.

Член 93-б

За негувателите, воспитувачите, стручните работници и стручните соработници кои во остварувањето на воспитната, образовната, здравствената и социјалната работа не покажуваат задоволителни резултати, органот односно институцијата или установата која врши надзор согласно овој закон и Советот на родители на јавната детска градинка може да покренат иницијатива до управниот одбор на јавната детска градинка за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски.

Иницијативата од ставот 1 на овој член мора да содржи образложение на причините поради кои се покренува.

Доколку ја прифати иницијативата од ставот 1 на овој член, управниот одбор до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на лицата од ставот 1 на овој член.”

**Член 48**

По членот 94 се додава нов член 94-а кој гласи:

“ Член 94-а

Во јавна установа за деца вршењето на дејноста не смее да се прекинува освен за вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), за што решава основачот, а во согласност со Министерството.

Во случај на прекин на вршењето на дејноста во јавната установа за деца се обезбедува минимум услови за работа кои се утврдуваат во упатство што го донесува министерот “.

**Член 49**

Членот 95 се менува и гласи:

“Распоредот на работното време на работниците во рамките на 40 часовна работна недела во јавните установи за деца се утврдува со акт на министерот.

Почетокот и завршетокот на работното време на јавна установа за деца основана од општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје го утврдува со акт советот на основачот, а за јавна установа за деца основана од Владата министерот”.

**Член 50**

Во членот 96 во ставот 2 по зборот “ одбор “ се додаваат зборовите “ на јавна установа за деца основана од Владата “ и се заменуваат зборовите “единицата на локалната самоуправа” со зборовите “ општината и Градот Скопје “.

Во ставот 3 по зборот “ деца “ се додаваат зборовите “основана од Владата “ , зборовите “ единицата на локалната самоуправа “ се заменуваат со зборовите “општината и Градот Скопје “ и зборовите “детската градинка” се заменуваат со зборо **т** “установата”.

Во ставот 5 по зборот “ установа “ се додаваат зборовите “ основана од Владата”.

Во ставот 7 зборовите “ единицата на локалната самоуправа” се заменуваат со зборовите “општината и Градот Скопје “ и зборовите “ органот на локалната самоуправа “ се заменуваат со зборовите “ советот на општината на чие подрачје установата има седиште и советот на Градот Скопје “.

По ствот 7 се додаваат десет нови става 8,9,10,11,12,13,14 ,15 ,16 и 17 кои гласат:

“Управниот одбор на општинска детска градинка и општинско детско одморалиште основани од општината е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од Министерството.

Управниот одбор на детска градинка на општината во Градот Скопје , основана од општината во Градот Скопје е составен од седум члена и тоа: двајца претставници од основачот, еден претставник од Градот Скопје, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од Министерството.

Управниот одбор на детско одморалиште на Град Скопје основано од Градот Скопје е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од Министерството.

Претставниците на основачот на јавна детска градинка основана од општината и општината во Градот Скопје ги именува и разрешува советот на општината и советот на општината во Градот Скопје. а на јавно детско одморалиште основано од општината ги именува и разрешува советот на општината.

Претставниците на основачот на јавно детско одморалиште основано од Градот Скопје ги именува и разрешува советот на Градот Скопје.

Претставникот на Градот Скопје во управниот одбор од став 9 на овој член го именува и разрешува советот на Градот.

Претставникот на установата го именува и разрешува стручниот совет на установата, врз основа на стручност и компетентност, по постапка пропишана со статутот на установата.

Претставниците од родителите на децата ги именува и разрешува советот на родители на установата.

Претставникот на Министерството го именува и разрешува министерот.

Претставниците од основачот, Градот Скопје, од Министерството и од родителите не можат да бидат именувани од редот на вработените во установата.”

**Член 51**

Членот 98 се менува и гласи:

“Управниот одбор на јавна детска градинка :

- донесува статут на јавната детска градинка;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината и на општината во Градот Скопје;

- предлага финасиски план до советот на општината и на општината во Градот Скопје;

- предлага годишна сметка до советот на општината и на општината во Градот Скопје;

- објавува јавен оглас за избор на директор на јавната детска градинка;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- предлага на градоначалникот на општината и на градоначалникот на општината во Градот Скопје еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

- донесува акт за организација и систематизација на работата на установата на кој согласност дава советот на општината и на општината во Градот Скопје;

- одлучува по приговори и жалби на вработените;

- одлучува по жалби на корисниците на услугите; и

- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со закон и статут."

**Член 52**

По членот 98 се додаваат два нови члена 98-а и 98-б кои гласат:

" Член 98-а

Управниот одбор на јавното детско одморалиште основано од општината и Градот Скопје:

- донесува статут на јавното детско одморалиште;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината и на Градот Скопје;

- предлага финасиски план до советот на општината и на Градот Скопје;

- предлага годишна сметка до советот на општината и на Градот Скопје ;

- објавува јавен оглас за избор на директор на јавното детско одморалиште;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- предлага на градоначалникот на општината и на Градот Скопје еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

- донесува акт за организација и систематизација на работата на установата на кој согласност дава советот на општината и Градот Скопје;

- одлучува по приговори и жалби на вработените;

- одлучува по жалби на корисниците на услугите; и

- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со закон и статут.

Член 98-б

Управниот одбор на јавната установа за деца основана од Владата:

- донесува статут на јавната установа за деца;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работа до Министерството;

- предлага финасиски план до Министерството;

- предлага годишна сметка до Министерството;

- распишува јавен оглас за именување на директор на јавната установа за деца;

- донесува акт за организација и систематизација на работата на установата на кој согласност дава Министерството;

- одлучува по приговори и жалби на вработените;

- одлучува по жалби на корисниците на услугите; и

- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со закон и статут.”

**Член 53**

Во членот 99 зборовите “и установата за деца од член 70 на овој закон” се бришат.

**Член 54**

Во членот 100 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

“Кандидатот за директор на јавната установа за деца задолжително доставува и програма за работа на јавната установа.”

Во ставот 3 кој станува став 4 по зборот “ деца” се додаваат зборовите “основана од Владата”.

Во ставот 4 кој станува став 5 по зборот “Директорот” се додаваат зборовите “ од став 4 на овој член”.

Во ставот 5 кој станува став 6 по зборот “ директорот” се додаваат зборовите “на јавната установа за деца основана од Владата”.

Во ставот 6 кој станува став 7 бројот “5” се менува со бројот “6”.

По новиот став 7 се додаваат два нови става 8 и 9 кои гласат:

“Директорот на јавна детска градинка го избира и разрешува градоначалникот на општината и на општината во Градот Скопје .

Директорот на јавно детско одморалиште основано од општината и Градот Скопје го избира и разрешува градоначалникот на општината и на Градот Скопје.”

Ставовите 7 и 8 стануваат став 1о и 11.

Ставот 9 се брише.

**Член 55**

Членот 101 се менува и гласи:

“Директорот на јавната детска градинка , односно на јавното детско одморалиште основано од општината и Градот Сопје ја организира и раководи со работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата.

Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот 1 на овој член директорот:

-ја предлага годишната програма за работа и превзема мерки за нејзино реализирање;

-ги извршува одлуките на управниот одбор;

-одлучува за засновање и престанок на работен однос на работници за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на установата и колективниот договор;

-врши распоредување на работници;

-поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот;

-поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор, основачот и Министерството;

-поднесува извештај за реализација на материјално - финансиското работење на установата до управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење;

-поднесува извештај за реализација на програмите до управниот одбор, основачот и Министерството ; и

- врши други работи предвидни со закон, статут и други акти на установата.”

**Член 56**

По членот 101 се додаваат два нови члена 101-а и 101-б кои гласат:

“ Член 101-а

Директорот на јавната установа за деца основана од Владата ја организира и раководи со работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата.

Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот 1 на овој член директорот:

-ја предлага годишната програма за работа и превзема мерки за нејзино реализирање;

-ги извршува одлуките на управниот одбор;

-одлучува за засновање и престанок на работен однос на работници за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на установата и колективниот договор;

-врши распоредување на работници;

-поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и Министерството;

-поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор и Министерството;

-поднесува извештај за реализација на материјално - финансиското работење на установата до управниот одбор и до Министерството и е одговорен за материјално-финансиското работење;

-поднесува извештај за реализација на програмите до управниот одбор, и Министерството ; и

-врши други работи предвидени со закон, статут и други акти на установата.

Член 101-б

Градоначалникот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

Во објавениот јавен оглас во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно огласот до управниот одбор.

Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор чиј состав и надлежност се утврдува со статутот на јавната установа.

Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно одредбите во статутот на установата.

Управниот одбор врши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Управниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор.

Доколку градоначалникот во рокот утврден во став 10 од овој член не избере директор, должен е во рок од три дена да го извести управниот одбор.

Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето, на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивање на предлогот да го избере кандидатот предложен од управниот одбор.

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор до второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Против одлуката на Комисијата од став 14 на овој член кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.”

**Член 57**

Во членот 102 став 1 во алинеја 4 по зборот “установата” се става запирка и се додаваат зборовите, “на основачот.”

По алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

“-ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на установата;

Алинеите 5 и 6 стануваат алинеи 6 и 7.”

**Член 58**

По членот 102 се додаваат три нови члена 102-а , 102-б **и** 102-в кои гласат:

“Член 102-а

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно одредбите од член 102 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 управниот одбор на јавната установа основана од општината и Градот Скопје, односно управниот одбор на јавната детска градинка, свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

Директорот има право во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

Доколку управниот одбор на установата од став 1 на овој член не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од научна или специјализирана стручна установа, односно стручен орган врши интервјуирање на директорот. Претставникот дава мислење за оправданоста за разрешување на директорот.

Доколку управниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивање на предлогот од управниот одбор да го разреши директорот.

Резрешениот директор, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката до второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Против одлуката на Комисијата од став 6 на овој член разрешениот директор има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 102-б

Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Член 102-в

Доколку директорот на јавна установа за деца основана од Владата биде разрешен пред истекот на мандатот или предвремено ќе му престане мандатот , како и во случај кога не е избран за директор, министерот именува вршител на

должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.”

**Член 59**

Во членот 103 зборовите “и установата за деца од член 70 на овој закон” се бришат.

**Член 60**

Во членот 106 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

“Евиденција и документација се води и за правата за заштита на децата.”

Во ставот 2 кој станува став 3 во вториот ред по зборот “на” се додаваат зборовите “евиденцијата и”, а зборовите “со општ акт ги утврдува министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите “ги пропишува министерот.”

По новиот став 3 се додаваат седум нови става кои гласат:

“Во детската градинка се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно образовните активности.

Педагошката документација во смисла на овој закон опфаќа главна книга на децата и претставува документ од трајна вредност.

Педагошката евиденција опфаќа: дневник за работа на градинката, дневник за работа на воспитната група, планирање и подготвување на воспитно образовната работа, досие на детето.

Педагошката документација во детската градинка се води на македонски јазик со употреба на кирилско писмо.

За припадниците на заедниците кои воспитно образовните активности ги изведуваат на јазикот на соодветната заедница педагошката документација се води на македонски јазик со употреба на неговото кирилско писмо и на јазикот и на писмото на кој се изведува воспитно образовна активност.

Дневникот за работа се води на јазикот и писмото на кој се изведува воспитно образовна активност.

Формата и содржината како и начинот на водењето на педагошката документација и евиденција ги пропишува министерот .”

**Член 61**

Во членот 108 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

“Припадниците на заедниците кои воспитно образовните активности ги изведуваат на јазикот на припадниците на другите заедници употребуваат прирачници и детски списанија на јазикот на соодветната заедница.”

Ставот 2 станува став 3.

**Член 62**

Во членот 109 зборовите:”(во натамошниот текст:Буџет)” се бришат.

Во ставот 2 во алинејата 2 по зборот “деца” се додаваат зборовите”основани од Владата.”

Во алинејата 3 зборовите “и сезонските одморалишта” се менуваат со зборовите”основани од Владата”.

Во ставот 4 по зборот “средствата” се додаваат зборовите”на јавните установи за деца основани од Владата.”

По ставот 6 се додаваат три нови става 7 , 8 и 9 кои гласат:

“Средства за финансирање на заштитата на децата се обезбедуваат и од буџетот на општината, буџетите на општините во Градот Скопје и буџетот на Град Скопје во согласност со одредбите на овој закон.

Со средствата од буџетот на општината и буџетот на Градот Скопје се финансираат:

-дејноста на јавните детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје;

-изградба, одржување и опремување на објектите на јавните детски одморалиша;

-програмски активности во одредени облици за унапредување и развој на дејноста и др.”

Со средствата од буџетот на општината и буџетите на општините во Градот Скопје се финансираат:

-дејноста на јавните детски градинки;

-изградба, одржување и опремување на објектите на јавните детски градинки;

-програмски активности во одредени облици за унапредување и развој на дејноста и др.”

**Член 63**

Во членот 110 во ставот 1 по зборот “Буџетот” се додаваат зборовите “на Република Македонија”.

По ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5 кои гласат:

“Средства од Буџетот на општината ,буџетите на општините во Градот Скопје и буџетот на Град Скопје за финансирање на заштитата на децата се обезбедуваат врз основа на развојната програма за заштита на децата на општината, општината во Градот Скопје и на Градот Скопје на начин и постапка утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и со овој закон.

Средствата за финансирање на јавните детски градинки се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија на начин и постапка утврдени со закон.

Средствата од став 4 на овој член се распределуваат на општините и на општините во Градот Скопје по пат на блок дотации и наменски дотации согласно закон.

Општината и општината во Градот Скопје средствата од став 5 на овој член ги распределува на јавните детски градинки на своето подрачје за обезбедување на реализација на згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст во согласност со утврдените стандарди и нормативи за вршење на дејноста, во согласност со овој закон.

Општината и општината во Градот Скопје може да ја дополни добиената блок дотација,односно наменска дотација за подигнување на стандардот и квалитетот на објектите и услугите на јавните детски градинки со средства од сопствени извори од буџетот на општината и буџетот на општината во Градот Скопје, освен за платите на вработените во јавните детски градинки.”

**Член 64**

Во членот 111 став 1 алинеа 1, зборот “законот” се заменува со зборот “закон”.

Ставот 3 се брише.

**Член 65**

Во членот 112 во ставовите 1 и 2 зборот “Установата” се заменува со зборовите “Јавната установа”.

**Член 66**

Во членот 113 во ставовите 1 и 2 зборот “Установата” се заменува со зборовите “Јавната установа”.

Во ставот 3, по зборовите “Министерство за труд и социјална политика” се додаваат зборовите “за јавна установа за деца основана од Владата, а советот на општината и на Градот Скопје за јавната установа за деца основана од општината и Градот Скопје, односно советот на општината и на општината во Градот Скопје за јавна детска градинка.”

**Член 67**

По член 113 се додаваат два нови члена 113-а и 113-б кои гласат:

“Член 113-а

Приватната установа за деца остварува приходи од:

- наплата на услуги од корисниците;

- други извори согласно со закон;

Член 113-б

Физичко и правно лице кое врши одредени работи од дејноста на згрижување и воспитание на деца согласно член 59-а на овој закон остварува приходи од:

- наплата на услуги од корисниците;

- други извори согласно со закон.”

**Член 68**

Во членот 115 во ставот 1 во вториот ред по зборот “деца” се додаваат зборовите”основана од Владата”.

По ставот 1 се додаваат три нови става кои гласат:

“Цените на услугите што ги дава јавната установа за деца основана од општината и Градот Скопје,односно од општината и општината во Градот Скопје и износот на надоместок на трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги, ги утврдува советот на основачот на предлог на управниот одбор на јавната установа за деца.

Основа за уплата на родителите е цената на програмата во која е вклучено детето.

Со стандардите и нормативите за вршење на дејноста ќе се утврдат нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок – цена на услугите на јавната установа за деца.

Во ставот 2 кој станува став 5 по зборот “политика” се додаваат зборовите “за јавна установа за деца основана од Владата , а советот на општината и на Градот Скопје за јавна установа за деца основана од општината и Градот Скопје , односно советот на општината и на општината во Градот Скопје .”

По новиот став 5 се додаваат три нови става кои гласат:

“Цените на услугите во приватните установи за деца ги определува органот определен од основачот.

Цените на услугите кои ги даваат физичките лица кои вршат работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност ги определува физичкото лице.

Цените на услугите кои ги даваат правните лица од член 59-г на овој закон ги определува органот определен од основачот.”

**Член 69**

Во членот 116 по зборот “ Буџетот “се додаваат зборовите “на Република Македонија “.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

“ Советот на општината и советот на Град Скопје , односно советот на општината и советот на општината во Градот Скопје врши контрола на законитоста на правилноста на користењето на средствата од буџетот на основачот на јавната установа за деца и средствата обезбедени од други извори.”

**Член 70**

Членот 119 се менува и гласи:

“По конечноста на решението од член 118 од овој закон, Министерството ќе и предложи на Владата да го одземе одобрението од членот 77 став 1 на овој закон, а кога се работи за јавна установа основана од Владата ќе и предложи донесување на одлука за престанок на јавната установа за деца,односно ќе му предложи на советот на општината и на Градот Скопје , донесување на одлука за престанок на јавното детко одморалиште основано од општината и Градот Скопје, односно на советот на општината и на општината во Градот Скопје кога се работи за јавна детска градинка.”

**Член 71**

По членот 119 се додава два нови члена, 119-а и 119-б кои гласат:

Член 119-а

При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје Министерството ги врши следните работи:

-ја следи законитоста на работата на органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје и превзема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината и на Град Скопје во согласност со овој закон;

-оценува дали органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје обезбедуваат надлежностите на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;

-им укажува на органите на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба;

-укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од областа на заштитата на децата од локално значење;

-дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје во рамките на овој закон на барање на органите на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје;

-го следи навременото донесување на прописите на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје ;

-поднесува иницијативи и предлози до општината,општината во Градот Скопје и Град Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон како судир на надлежности меѓу органите на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје ;

-ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и превзема мерки во согласност со овој закон;

-дава мислење и стручна помош по предлог прописите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје на барање на органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје ;

-го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје во остварувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните;

-го следи остварувањето на предходниот надзор на прописите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје ;

-навремено ги известува органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за превземените мерки при вршењето на надзорот.

Член 119-б

Доколку и покрај укажувањата и превземените мерки и активности органите на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување е одговорна општината, општината во Градот Скопје и Град Скопје, по сила на овој закон и се одзема вршењето на соодветната надлежност.

Вршењето на одземените работи го презема Министерството но најмногу до една година од денот од нивното превземање.

Министерството вршењето на работите од надлежност на општината,општината во Градот Скопје и на Град Скопје ги врши во име и за сметка на општината и на Град Скопје.

За вршењето на работите од надлежност на општината, општината во Градот Скопје и на Град Скопје од став 2 на овој член се известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на финансиите.”

**Член 72**

Во членот 121 во ставот 1 зборот “на” се заменува со запирка и по зборот “воспитание” се става запирка и се додаваат зборовите “престојот, негата, исхраната како и на мерки и активнности утврдени во член 41 од овој закон.”

Во ставот 3 по зборот “надзор” се додаваат зборовите “за јавна установа за деца основана од Владата” и по зборот “приватна “ се додаваат зборовите “ или основана од општината и Градот Скопје односно од општината и општината во Градот Скопје како и на физичкото и правното лице кое врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата.”

**Член 73**

Во членот 128 зборовите “Организационата единица на Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите “центарот за социјална работа.”

**Член 74**

Во членот 130 во ставот 1 по зборот “ деца “ се додаваат зборовите “односно физичкото лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитсние на деца како и агенцијата за давање услуги на повик.”

Во алинеја 1 по зборот “ установата” се додаваат зборовите “односно кај физичкото лице или кај агенцијата од ста 1 на овој член.”

Во алинеја 8 зборовите “членови 70 и” се заменува со зборот “член.”

По алинеја 9 се додаваат четири нови алинеи 10 ,11,12 и13 кои гласат:

"- ако започне со работа пред добивање на дозвола за отпочнување со работа (член 83-б и 83-к);

- ако правно лице продолжи со давање на услуги спротивно на одредбите на овој закон по донесено решение за забрана за вршење на работите од дејноста згрижување и воспитание на деца, односно одмор и рекреација на деца (член 83 и 84);

-ако не извести за престанок на работа на приватната установа (член 81-а );

-ако не извести за предвременото раскинување на договорот за закуп ( 133-м);"

По алинејата 13 која станува алинеја 17 се додава нова алинеја 18 која гласи:

" - ако физичкото или правното лице не води евиденција за корисниците и дадените услуги (член 83-ѓ и 83-л)."

Алинеите 1о, 11, 12 стануваат алинеи 14, 15 и 16, а алинеите 14, 15, 16 и 17 станувааат алинеи 19, 20, 21 и 22.

Во ставот 2 по зборот "установата" се додаваат зборовите " односно кај физичкото лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како и кај агенцијата за давање услуги на повик".

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Со парична казна од став 2 на овој член ќе се казни директорот на јавната установа за деца ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансов план на установата."

**Член 75**

По членот 133 се додаваат осум нови членови и тоа: 133-а 133-б, 133-в, 133-г, 133-д, 133-ѓ, 133-е, и 133-ж кои гласат:

Член 133-а

Основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки се превземаат од општините и општините во Градот Скопје на чие подрачје е седиштето на установата , под услови и на начин утврдени со овој закон.

Според утврдената динамика за обезбедување на финансиски средства согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Владата ќе донесе одлука со која конкретно ќе ги утврди јавните установи од став 1 на овој член, над кои општините и општините во Градот Скопје ќе ги превземаат основачките права и обврски.

Со денот на влегување во сила на одлуката од став 2 на овој член, вработените, архивата, опремата, документацијата, средствата на јавните установи од став 1 на овој член, се превземаат од установата која продолжува

да работи како јавна установа основана од општината и од општината во Градот Скопје.

Со денот на превземањето на основачките права над установите од став 1 на овој член, општините и општините во Градот Скопје ги превземаат обврските на установите да им обезбедат средства за работа.”

Член 133-б

На постојните јавни установи за деца – детски одморалишта може да се изврши сопственичка трансформација (во натамошен текст:приватизација).

Член 133-в

Во приватизацијата на постојните јавни установи за деца – детски одморалишта може да учествуваат домашни и странски правни и физички лица, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во постапката на приватизација при изборот на најповолен понудувач преку јавен повик соодветно се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки со кои се уредува отворениот повик и начинот на доставувањето на понудите.

Член 133-г

Одлука за приватизација на постојните јавни установи за деца – детски одморалишта донесува Владата на предлог на министерот .

Кон предлогот се приложува:

-програма за начинот на остварување на приватизација;

-извештај за извршена ревизија на годишната сметка од страна на

државната ревизија;

-извештај за проценетата вредност на субјектот на приватизација;

-извод од судски регистар; и

-податоци и докази за правото на сопственост, располагање, користење и управување со недвижностите.

Член 133-д

Приватизацијата на постојните јавни установи за деца – детски одморалишта може да се врши со:

- трансформација на постојните јавни установи за деца – детски одморалишта во приватни установи за деца – детски одморалишта;

- трансформација на постојните јавни установи за деца - детски одморалишта во акционерски друштва;

Член 133-ѓ

Постојните јавни установи за деца – детски одморалишта можат да се приватизираат и да се организираат односно да се основаат како приватни установи за деца – детски одморалишта, врз основа на одлука што Владата ке ја донесе по предлог на министерот.

Во постапката на приватизација при изборот на најповолен понудувач преку јавен повик соодветно се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки со кои се уредува отворениот повик и начинот на доставувањето на понудите.

Член 133-е

Кога постојна јавна установа за деца – детско одморалиште, без ликвидација, согласно овој закон се трансформира во акционерско друштво истовремено со трансформацијата се спроведува и постапка на приватизација.

На трансформацијата на јавната установа од став 1 на овој член во акцинерско друштво во приватна сопственост се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

Член 133-ж

Постојните јавни установи за деца - детски одморалишта продолжуваат да работат како јавни установи за деца – детски одморалишта основани од Владата согласно одредбите од овој закон до завршување на процесот на нивната трансформација

**Член 76**

Во членот 139 во ставот 1 зборовите “во рок од шест години” се заменуваат со зборовите во рок од осум години.

**Член 77**

Работниците кои на денот на примананата на член 91 на овој закон имаат најмалку четири години работно искуство на работно место неговател, а не се

педагошко медицински сестри, освен работниците кои работеле на работно место педагошко медицинска сестра и имаат четиригодишно соодветно образование согласно овој закон, најдоцна до 1 јули 2005 година се должни да го завршат курсот од член 84 став 11 на овој закон, во спротивно ќе им престане работниот однос.

**Член 78**

Низ целиот текст на Законот зборовите “сезонско одморалиште” и зборовите “и сезонско одморалиште” се бришат.

**Член 79**

Низ целиот текст на Законот зборовите “Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборот “Министерството”, а зборовите “министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборот “министерот”.

**Член 80**

Низ целиот текст на Законот зборот “инвалидност” се заменува со зборовите “пречки во физичкиот развој” зборовите “физички или психички пречки” се заменуваат со зборовите “пречки во физичкиот или интелектуалниот развој” и зборот “психичкиот” се заменува со зборот “интелектуалниот”.

**Член 81**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 82**

Постојните јавни установи за деца-детски градинки должни се да се усогласат со предвидените услови за работа од член 71 став1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата во рок од пет години од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 83**

Правно лице чија регистрирана претежна дејност не е од областа на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, а во рамките на своето работење обезбедува и остварува услуги од дејноста згрижување и

воспитание на деца од предучилишна возраст, односно одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст,

должно е во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон да ги усогласи своите акти, организација и работење согласно одредбите на овој закон.

Доколку правното лице од став 1 на овој член не изврши усогласување на своите акти, организацијата и работењето со одредбите од овој закон, министерот донесува решение за забрана на вршење на работите од областа на дејноста на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Министерот по правото на надзор и мислење на комисијата од член 34 на овој закон донесува решение од став 2 на овој член.

Правното лице има право на жалба против решението од став 2 на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата.

По конечноста на решението на став 2 на овој член,решението се доставува до надлежни органи за превземање на соодветни мерки и дејствија.

**Член 84**

Правно лице чија регистрирана претежна дејност не е од областа на одморот и рекреацијата на деца, а во рамките на своето работење обезбедува и остварува услуги од дејноста одмор и рекреација на деца должно е во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон да ги усогласи своите акти, организација и работење согласно одредбите на овој закон.

Доколку правното лице од став 1 на овој член не изврши усогласување на своите акти, организацијата и работењето со одредбите од овој закон, министерот донесува решение за забрана на вршење на работите од областа на дејноста на одмор и рекреација на деца .

Министерот по правото на надзор и мислење на комисијата од член 34 на овој закон донесува решение од став 2 на овој член.

Правното лице има право на жалба против решението од став 2 на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата.

По конечноста на решението од став 2 на овој член, решението се доставува до надлежни органи за превземање на соодветни мерки и дејствија.

**Член 85**

Барањата за остварување на правото за помош за опрема на новороденче поднесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон и кои не се решени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се решат согласно одредбите на овој закон.

**Член 86**

Центрите за социјална работа во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ја превземат целокупната документација за корисниците на правата од член 4 став 1 точка 1, 2 и 3 ("Сл.весник на РМ" бр.98/00 и 17/03) архивата како и вработените распоредени во Министерството во делот за вршење на работите за заштита на децата согласно актот за систематизација на работните места на центрите за социјална работа.

**Член 87**

Поднесените барања за остварување на правата за детски додаток, посебен додаток и помош за опрема на новороденче ќе се решаваат согласно одредбата на член 32 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.98/00 и 17/03) се до превземање на работите и вработените од член 87 на овој закон од месонадлежниот центар за социјална работа.

Решенијата донесени пред превземањето од месонадлежниот центар за социјална работа ќе продолжат да важат до истекот на рокот за нивното важење, односно до настанување на промена.

**Член 88**

Вработените воспитувачи во јавните детски градинки кои работат во групи за подготвителна година од 1 септември 2005 година ги превземаат основните училишта согласно Законот за основното образование.

**Член 89**

До отпочнување на примената на одредбите од овој закон кои се однесуваат на детските градинки постојните јавни установи за деца – детски градинки продолжуваат да работат како јавни установи за деца – детски градинки согласно Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.98/00 и 17/03).

**Член 90**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

**Член 91**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а одредбите од членовите 2 став 2, 12 во делот кој се однесува на утврдување на возраста на децата, 13, 20, 21, 22, 23 став 1 и 43 став 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ке се применуваат од 1 септември 2004 година. Членовите: 1 став 2, 2 став 1 и 3, 3 став 1 и 2, 4 став 2 и 3, 14 став 2, 30 став 1, 2, 3 и 6 во делот за средства за основање и работа на јавните установи основани од општината,општината во Градот Скопје и Градот Скопје, 31, 34 став 6 и 7, 36 став 5, 6, 7 и 8 во делот за установа основана од општината и Градот Скопје, 41 став 2 освен за јавна установа основана од Владата, 49 став 2 во делот кој се однесува на утврдување на почеток и завршеток на работно време на јавна установа основана од општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, 50, 51, 98-а 53, 54 став 7 и 8, 55, 101-б, 102-а, 102-б, 59, 62 став 5 , 6 и 7, 63 став 2, 3, 4, 5 и 6, 64 став 2, 66 став 2 во делот за давање согласност од советот на општината,општината во Градот Скопје и од Градот Скопје, 68 став 2 и 5 во делот за јавни установи основани од општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, 69 став 2, 70 во делот кој се однесува на надлежноста на советот на општината,општината во Градот Скопје и Градот Скопје, 71, 72 во делот кој се однесува на доставувањето извештај по надзор до советот на општината,општината во Градот Скопје и Градот Скопје, 74 став 3 и член 133-а од овој закон ќе се применуваат од 1јануари 2005